Ceresit

# CL 152

## Еластична хидроизолациона трака




### КАРАКТЕРИСТИКИ

- Водоотпорна
- Флексибилна
- Трајна врска
- Отпорна на кинење
- Долготрајна

### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За водоотпорно поврзување на аголни споеви, влезови на цевки, одводи и агли во просториите. Се користи во комбинација со водоотпорни флексибилни производи за заптивање, на пр. CL 50, CL 51 и други облоги за хидроизолација на Ceresit под подните облоги од керамички плочки. За употреба во внатрешни и надворешни простори на подови и ѕидови.

### НАЧИН НА УПОТРЕБА

CL 152 се нанесува преку првиот слој на масата за хидоизолација, а потоа се покрива со вториот слој. Прво нанесете ја масата за хидроизолација на површината, а потоа поставете лента или манжетна формирана од CL 152 и притиснете надолу за да ја раширите масата преку површината (не ја покривајте целата површина). Користете ги овие производи само во суви услови и на температури од + 5°C до + 25°C.

### НАПОМЕНА

Наведени карактеристики се добиваат врз основа на практично искуство и примена. Методот на примена може да варира во зависност од локацијата и условите за работа, производителот нема никакво влијание врз успехот и исправноста на примената. Пред да започнете со работа, важно е да извршите тестирање за да утврдите дали производот е погоден. Ние не сносиме правна одговорност што може да произлезе од содржината на оваа брошура или усните совети.

### СКЛАДИРАЊЕ

На суво место.

### ПАКУВАЊЕ

CL 152 ролни од 10м и 50м.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Состав: | гумирана полиестер ткаенина |
| Затегачка цврстина: | по должина: околу 67 N/15мм<br>по ширина: околу 25 N/15мм |
| Максимална еластичност: | по должина: околу 37%<br>по ширина: околу 127% |
| Отпорност на вода: | водоотпорна |
| Димензија: | 120м |
| Температурна отпорност: | -30°C до +80°C |
| Однесување при свиткување за ниски температури: | без пукнатини |

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 23°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа. Овој технички лист ги заменува сите претходни.